Врз основа на член 149 од Закон за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/18, Сл. весник на РСМ бр. 178/21 и Сл. весник на РСМ бр. 58/24) и согласно со Одлуката за распишување на конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии на Универзитет Американ Колеџ Скопје во академската 2024/2025 година од 2.10.2024 година, Ректорската управа на Универзитет Американ Колеџ Скопје распишува

**КОНКУРС**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ**
**НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
**ВО АКАДЕМСКАТА 2024/2025 ГОДИНА – втор уписен рок**

**I. Единици на Универзитетот и број на студенти на соодветните програми**

На единиците на Универзитетот можат да се запишат вкупно 531 студенти во прва година, на втор циклус студии во академската 2024/2025 година.

1. На Факултетот за деловна економија и организациони науки на втор циклус студии, можат да се запишат вкупно 261 студенти на следните студиски програми:

1.1 Бизнис администрација за извршни директори, едногодишни магистерски студии на англиски јазик – 19 студенти;
1.2 Бизнис администрација (МБА) – двегодишни магистрски студии на англиски јазик – 10 студенти;
1.3 Сметководство и ревизија, едногодишни магистерски студии на англиски јазик – 30 студенти;
1.4 Сметководство и ревизија, двегодишни магистерски студии на англиски јазик – 29 студенти;
1.5 Маркетинг, двегодишни магистерски студии на англиски јазик – 16 студенти;
1.6 Маркетинг, двегодишни магистерски студии на македонски јазик – 8 студенти;
1.7 Маркетинг, едногодишни магистерски студии на англиски јазик – 5 студенти;
1.8 Менаџмент, двегодишни магистерски студии на англиски јазик – 30 студенти;
1.9 Менаџмент, двегодишни магистерски студии на македонски јазик – 20 студенти;
1.10 Менаџмент, едногодишни магистерски студии на англиски јазик – 5 студенти;
1.11 Финансии и банкарство, двегодишни магистерски студии на англиски јазик – 20 студенти;
1.12 Финансии и банкарство, двегодишни магистерски студии на македонски јазик – 19 студенти;
1.13 Финансии и банкарство, едногодишни магистерски студии на англиски јазик – 2 студенти;
1.14 Менаџмент на човечки ресурси, двегодишни магистерски студии на англиски јазик – 20 студенти;
1.15 Менаџмент на човечки ресурси, едногодишни магистерски студии на англиски јазик – 4 студенти;
1.16 Бизнис администрација, едногодишни специјалистички студии на англиски јазик – 15 студенти и
1.17 Бизнис администрација, едногодишни специјалистички студии на македонски јазик – 9 студенти.

2. На Факултетот за архитектура и дизајн на втор циклус студии, можат да се запишат вкупно 37 студенти на следните студиски програми:

2.1 Архитектура, двегодишни магистерски студии на македонски јазик – 25 студенти и
2.2 Внатрешна архитектура, двегодишни магистерски студии на македонски јазик – 12 студенти.

3. На Факултетот за компјутерска техника и информатика на втор циклус студии, можат да се запишат вкупно 78 студенти на следните студиски програми:

3.1 Софтверско инженерство, двегодишни магистерски студии на англиски јазик – 28 студенти;
3.2 Софтверско инженерство, едногодишни магистерски студии на англиски јазик – 30 студенти и
3.3 Менаџмент на информациски системи и технологии, двегодишни магистерски студии на англиски јазик – 20 студенти.

4. На Факултетот за политички науки на втор циклус студии, можат да се запишат вкупно 85 студенти на следните студиски програми:

4.1 Меѓународни односи и дипломатија, двегодишни магистерски студии на англиски јазик – 30 студенти;
4.2 Меѓународни односи и дипломатија, едногодишни магистерски студии на англиски јазик – 15 студенти;
4.3 Деловна и организациска психологија, едногодишни магистерски студии на англиски јазик – 20 студенти и
4.4 Здравствена психологија и психолошко советување, едногодишни магистерски студии на англиски јазик – 20 студенти.

5. На Факултетот за странски јазици на втор циклус студии, можат да се запишат вкупно 30 студенти на следните студиски програми:

5.1 Настава по англиски јазик и книжевност, двегодишни магистерски студии на англиски јазик – 5 студенти;
5.2 Настава по англиски јазик и книжевност, едногодишни магистерски студии на англиски јазик – 10 студенти;
5.3 Деловна комуникација и превод на англиски јазик, двегодишни магистерски студии на англиски јазик – 5 студенти и
5.4 Креативно пишување, едногодишни магистерски студии на англиски јазик – 10 студенти.

6. На Факултетот за правни науки на втор циклус студии, можат да се запишат вкупно 40 студенти на следните студиски програми:

6.1 Деловно право, двегодишни магистерски студии на македонски јазик – 10 студенти;
6.2 Деловно право, едногодишни магистерски студии на македонски јазик – 10 студенти;
6.3 Право на Европска унија и европска интеграција, едногодишни магистерски студии на англиски јазик – 10 студенти и
6.4 Право на Европска унија и европска интеграција, едногодишни специјалистички студии на англиски јазик – 10 студенти.

Студиската програма од точка 3.3 е во процес на акредитација/реакредитација, додека студиските програми од точките 1.7, 1.10, 1.13, 1.15, 3.1, 3.2, 4.3, 4.4 и 5.2 се во процес на добивање решение за почеток со работа, и се до моментот на добивање на решенијата за почеток со работа/решение за реакредитација, ќе се води евиденција на потенцијалните кандидати.

Доколку на некоја од горенаведените студиски програми, групата на запишани студенти е помала од пет (5) студенти, наставата ќе се реализира менторски или на кандидатите ќе им се понуди да се запишат на друга сродна студиска програма.

**I.2 Студиски програми кои се акредитирани во САД**

Во САД се акредитирани следните студиски програми:
УАКС ФДЕИОН - Магистерски студии по бизнис администрација за извршни директори (МБА);
УАКС ФДЕИОН - Магистерски студии по бизнис администрација (МБА);
УАКС ФДЕИОН - Магистерски студии по менаџмент, маркетинг, финансии и банкарство, менаџмент на човечки ресурси и сметководство и ревизија и
УАКС ФДЕИОН – Специјалистички студии по бизнис администрација.

На специјалистичките студии акредитирани во САД можат да се запишат само студенти кои дипломирале на УАКС на ACBSP акредитирани студиски програми.

**II. Услови за запишување**

Право на запишување на втор циклус магистерски студии од 120 ЕКТС кредити имаат кандидатите кои имаат завршено прв циклус студии, со најмалку 180 ЕКТС кредити.
Право на запишување на втор циклус магистерски студии од 60 ЕКТС кредити имаат кандидатите кои имаат завршено прв циклус студии, со најмалку 240 ЕКТС кредити.
Право на запишување на втор циклус специјалистички студии од 60 ЕКТС кредити имаат кандидатите кои имаат завршено прв циклус студии, со најмалку 180 ЕКТС кредити.

**II. 1. Кандидатите за запишување на втор циклус – специјалистички и магистерски студии на Факултетот за деловна економија и организациони науки, треба да ги исполнуваат следните услови**:

| Насока | Услови |
|---|---|
| – Менаџмент<br>– Маркетинг<br>– Менаџмент на човечки ресурси<br>– Бизнис администрација (специјалистички) | Кандидати со завршено високо образование кое не е соодветно со студиската програма и кои ќе ги исполнат посебните услови од точка II. 1.1. |
| – Магистерски студии по бизнис администрација (МБА) и магистерски студии по бизнис администрација за извршни директори (МБА) | Кандидати со завршено високо образование и кои ќе ги исполнат посебните услови од точка II. 1.2 |
| – Финансии и банкарство | Кандидати со завршено високо образование на сродни акредитирани факултети и кандидати со завршено високо образование кое не е соодветно со студиската програма, но кои имаат:<br>а) работно искуство од најмалку 2 (две) години во областа деловна економија и организациони науки, и<br>б) ќе ги исполнат посебните услови од точка II. 1.1. |
| – Сметководство и ревизија | Кандидати со завршено високо образование на сродни акредитирани факултети (деловна економија и организациони науки, економски науки, бизнис администрација, осигурување, транспорт и шпедиција, царина, угостителство и туризам), при што кандидатите треба да исполнуваат еден од условите:<br>1. да има положено најмалку два од следните предмети: Сметководство (основи или финансиско); Корпоративни финансии (Корпоративни инвестиции) и Ревизија или<br>2. да имаат најмалку 2 години работно искуство од областа. |

**II. 1.1. Посебни услови за запишување на кандидати кои немаат завршено прв циклус додипломски студии од сродна област на Факултетот за деловна економија и организациони науки.**

Кандидатите кои немаат завршено прв циклус додипломски студии на акредитирани факултети од сродна област, за да можат да се запишат на втор циклус магистерски студии на Факултетот за деловна економија и организациони науки, треба да поминат низ процес на евалуација на нивното познавање на заедничките професионални компоненти (CPC Components) на прв циклус додипломски студии. За таа цел, Факултетот ќе организира настава по предметите: 1) Вовед во менаџмент и маркетинг, 2) Вовед во сметководство и финансии, 3) Вовед во статистика и 4) Економија (за насоката финансии и банкарство).

**II. 1.2. Посебни услови/документи за запишување на МБА програмите на Факултетот за деловна економија и организациони науки:**

Покрај условите наведени во точка 1 и точка 1.1 од овој конкурс, кандидатите за запишување на МБА програмата, треба да ја достават и следната документација:

1. Потврда за работно професионално искуство од најмалку две (2) години и
2. Мотивациско писмо

**II. 2. Услови за запишување на втор циклус магистерски студии на Факултет за архитектура и дизајн :**

| Насока | Услови |
|---|---|
| – Архитектура<br>– Внатрешна архитектура | Кандидати со завршено високо образование на акредитирани факултети во областа на архитектура, внатрешна архитектура, визуелни уметности. |

**II. 3. Услови за запишување на втор циклус магистерски студии на Факултетот за компјутерска техника и информатика:**

| Насока | Услови |
|---|---|

| | |
|---|---|
| – Софтверско инженерство<br>– Менаџмент на информациски системи и технологии | - Кандидати со завршено високо образование на сродни факултети (факултет за компјутерски науки, факултет за информатика, факултет за информациски технологии)<br>- Кандидати со завршено високо образование кое не е соодветно со студиската програма, но кои имаат работно искуство од најмалку 3 (три) години на работно место, за кое е предвидено информатичко образование.<br>- На насоката „Менаџмент на информациски системи и технологии“, можат да се запишат и кандидати кои имааат завршено високо образование од областа на менаџмент, деловна економија, маркетинг и сл., а за кое комисијата надлежна за упис, ќе оцени дека е соодветно за упис на оваа програма. |

**II. 4. Услови за запишување на втор циклус магистерски студии на Факултетот за политички науки:**

| Насока | Услови |
|---|---|
| – Меѓународни односи и дипломатија | Завршено високо образование на акредитирани факултети во областа на политички науки, правни науки, социологија, филозофија, економија, антропологија и психологија.<br>Потребно е кандидатите да имаат познавање на англискиот јазик на Б2 ниво, според Европската референтна рамка на класификации, за што: 1) можат да приложат меѓународно признат сертификат за познавање на англиски јазик, ТОЕФЕЛ (TOEFL), ИЕЛТС (IELTS) или Кембриџ сертификат со Б2 ниво, не постар од пет години, или 2) полагаат бесплатен интерен квалификациски тест за Б2 ниво. Универзитетот го задржува правото да не ги запише кандидатите кои не го поседуваат потребното (Б2) ниво на познавање на англискиот јазик.<br>На втор циклус студии по меѓународни односи и дипломатија можат да се запишат и кандидати со завршени додипломски студии (прв циклус) од друга област, при што оние што се запишуваат задолжително ги слушаат и диференцијалните предмети „Вовед во политика“ и „Вовед во меѓународни односи“. |
| – Здравствена психологија и психолошко советување<br>– Деловна и организациска психологија | - На втор циклус студии по психологија можат да се запишат кандидати со завршени додипломски студии (прв циклус) по психологија.<br>- На втор циклус студии по психологија можат да се запишат и кандидати со завршени додипломски студии (прв циклус) од друга област, при што тие што се запишуваат се со стекната диплома со вредност од 240 ЕКТС кредити (програма 4+1) и се од следниве сродни дисциплини (социологија, педагогија, социјална работа и социјална политика, медицина и со неа поврзани сродни дисциплини, дефектологија, економски и организациски науки).<br>Потребно е кандидатите да имаат познавање на англискиот јазик на Б2 ниво, според Европската референтна рамка на класификации, за што: 1) можат да приложат меѓународно признат сертификат за познавање на англиски јазик, ТОЕФЕЛ (TOEFL), ИЕЛТС (IELTS) или Кембриџ сертификат со Б2 ниво, не постар од пет години, или 2) полагаат бесплатен интерен квалификациски тест за Б2 ниво. Универзитетот го задржува правото да не ги запише кандидатите кои не го поседуваат потребното (Б2) ниво на познавање на англискиот јазик. |

**II. 5. Услови за запишување на втор циклус магистерски студии на Факултетот за странски јазици:**

| Насока | Услови |
|---|---|
| – Настава по англиски јазик и книжевност<br>– Деловна комуникација и превод на англиски јазик<br>– Креативно пишување | - На која било насока можат да се запишат кандидати со завршено високо образование на акредитирани факултети во областа на филолошките науки.<br>- На насоката „Деловна комуникација и превод на англиски јазик", можат да се запишат и кандидати кои немаат завршено високо образование во областа на филолошките науки, но кои имаат работно искуство од најмалку 3 (три) години во областа превод на англиски јазик.<br>- На насоката „Креативно пишување" можат да се запишат и кандидати кои немаат завршено високо образование во областа на филолошки науки, но кои имаат познавање на англискиот јазик на Б2 ниво.<br>- Сите кандидати (со завршено или без завршено високо образование во областа на филолошки науки) кои се запишуваат на која било насока потребно е да имаат познавање на англискиот јазик на Б2 ниво, според Европската референтна рамка на класификации, за што: 1) можат да приложат меѓународно признат сертификат за познавање на англиски јазик, ТОЕФЕЛ (TOEFL), ИЕЛТС (IELTS) или Кембриџ сертификат со Б2 ниво, не постар од пет години, или 2) полагаат бесплатен интерен квалификациски тест за Б2 ниво. Универзитетот го задржува правото да не ги запише кандидатите кои не го поседуваат потребното (Б2) ниво на познавање на англискиот јазик. |

**II. 6. Услови за запишување на втор циклус специјалистички и магистерски студии на Факултетот за правни науки:**

| Насока | Услови |
|---|---|
| – Деловно право<br>– Право на Европска унија и европска интеграција | Кандидати со завршено високо образование од областа на правните науки, политичките науки и економските науки, како и од друга сродна област. |

Право за запишување на универзитетски студии имаат и лица кои не завршиле еднакво образование во странство. Оценка за исполнување на условите за запишување, односно подобност на стекнатото образование во странство за продолжување на образованието, за секој кандидат посебно, врши соодветна комисија на Универзитетот, односно на единицата на универзитетот.

**II. 7. Посебни услови за запишување на кандидати кои немаат завршено прв циклус додипломски студии од сродна област на другите факултети**

За кандидатите кои немаат завршено прв циклус додипломски студии на акредитирани факултети од сродна област, а кои сакаат да се запишат на студиските програми понудени на другите факултети, се утврдува компатибилност на програмите и се одредува полагање на диференцијални предмети од страна на Деканот на избраниот факултет.

## III. ФИНАНСИСКИ НАДОМЕСТОЦИ

### III. 1. Факултет за деловна економија и организациони науки

Школарината за студирање на македонски јазик на Факултет за деловна економија и организациони науки, **за моделот 3+2 изнесува 4.400 евра во денарска противвредност.**

Школарината за студирање на англиски јазик на Факултет за деловна економија и организациони науки, **за моделот 3+2 изнесува 4.650 евра во денарска противвредност.**

Школарината за студирање на македонски јазик на Факултет за деловна економија и организациони науки, **за моделот 4+1 изнесува 3.250 евра во денарска противвредност.**

Школарината за студирање на англиски јазик на Факултет за деловна економија и организациони науки, **за моделот 4+1 изнесува 3.570 евра во денарска противвредност.**

Школарината за студирање на англиски јазик на Факултет за деловна економија и организациони науки на МБА програмата, **за моделот 3+2 изнесува 4.950 евра во денарска противвредност.**

Школарината за студирање на англиски јазик на Факултет за деловна економија и организациони науки на МБА програмата (Бизнис администрација за извршни директори МБА), **за моделот 4+1 изнесува 4.500 евра во денарска противвредност.**

Школарината за студирање на **специјалистички студии (на англиски и македонски јазик**) на Факултет за деловна економија и организациони науки на програмата по Бизнис администрација **изнесува 3.100 евра во денарска противвредност.**

**III. 2. Факултет за архитектура и дизајн**

Школарината за студирање на македонски јазик на Факултет за архитектура и дизајн, **за моделот 3+2 изнесува 4.400 евра во денарска противвредност.**

**III. 3. Факултет за компјутерска техника и информатика**

Школарината за студирање на англиски јазик на Факултет за компјутерска техника и информатика, **за моделот 3+2 изнесува 4.400 евра во денарска противвредност.**

Школарината за студирање на англиски јазик на Факултет за компјутерска техника и информатика, **за моделот 4+1 изнесува 3.250 евра во денарска противвредност.**

**III. 4. Факултет за политички науки**

Школарината за студирање на англиски јазик на Факултет за политички науки, **за моделот 3+2 изнесува 4.400 евра во денарска противвредност.**

Школарината за студирање на англиски јазик на Факултет за политички науки, **за моделот 4+1 изнесува 3.250 евра во денарска противвредност.**

**III. 5. Факултет за странски јазици**

Школарината за студирање на англиски јазик на Факултет за странски јазици, **за моделот 3+2 изнесува 3.250 евра во денарска противвредност.**

Школарината за студирање на англиски јазик на Факултет за странски јазици, **за моделот 4+1 изнесува 2.750 евра во денарска противвредност.**

**III. 6. Факултет за правни науки**

Школарината за студирање на македонски јазик на Факултет за правни науки, **за моделот 3+2 изнесува 4.400 евра во денарска противвредност.**

Школарината за студирање на македонски јазик на Факултет за правни науки, **за моделот 4+1 изнесува 3.250 евра во денарска противвредност.**

Школарината за студирање на **специјалистички студии на англиски јазик** на Факултет за правни науки на програмата по Право на европска унија и европска интеграција **изнесува 3.100 евра во денарска противвредност.**

**III. 7.** Школарината може да се плати одеднаш или на рати, согласно тарифникот на Универзитетот, во денарска противвредност по фиксен пресметковен курс на еврото, усвоен од Одборот на директори на универзитетот.

**III. 8.** Финансиските надоместоци утврдени во претходните точки од овој конкурс се однесуваат за плаќање на школарината на две (2) еднакви рати, односно 50% од школарината се плаќа при запишувањето, а останатиот износ пред почетокот на последниот семестар.

За плаќање на целиот износ на школарина одеднаш, Универзитетот одобрува 5% попуст. За плаќање на износот на школарината на месечни рати, школарината (без уписнината) се зголемува за 5%.

Универзитетот одобрува попусти во согласност со интерните акти и тоа: попуст за студенти кои дипломирале на Универзитетот, попуст за плаќање на целата школарина при запишување, семеен попуст, попуст за членови на Деловниот совет на УАКС и други попусти. Вкупниот износ на попустот не може да надмине 15%.

**III. 9.** Во школарината се вклучени трошоци за предавања, пријавување на испити, презентација на семинарски трудови и проекти, изработка и одбрана на специјалистички труд и/или магистерски труд.

Во школарината не се вклучени трошоците за користење на литература од библиотека, и административни такси кои изнесуваат:

- Едногодишни студии 3500 денари за целокупното студирање и
- Двегодишни студии 7000 денари за целокупното студирање.

**III. 10.** Универзитетот води политика на фер и транспарентни цени. Универзитетот нема да засмета никакви дополнителни трошоци надвор од горенаведените.

**IV. Завршни одредби**

**IV. 1.** Независно од јазикот на кој се изведува наставата, од студентите на втор циклус студии се очекува да имаат познавање на англиски јазик, кое ќе им овозможи користење на литература на англиски јазик.

**IV. 2.** Условите и правилата за студирање се дефинирани со интерните акти на Универзитетот.

**IV. 3.** Рангирањето и селектирањето на кандидатите за запишување на втор циклус студии го врши Комисија за спроведување на конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии на Универзитет Американ Колеџ Скопје и за нивно рангирање во академската 2024/2025 година.

**IV. 4.** Вториот уписен рок започнува со објавувањето на конкурсот и трае заклучно со 4 ноември 2024 година.

**IV. 5.** Наставата на втор циклус студии започнува на 7 ноември 2024 година, освен на Факултетот за архитектура и дизајн, на кој наставата на втор циклус студии започнува на 23 септември 2024 година.
По реализацијата на вториот уписен рок, за непополнетите места на сите студиски програми на единиците во рамки на Универзитетот, ќе биде објавен трет уписен рок со број на слободни места за запишување во учебната 2024/2025 година.

**IV. 6.** Студиските програми понудени во овој конурс е предвидено да се реализираат во просториите на Универзитет Американ Колеџ Скопје, со седиште на бул. Трета Македонска бригада бр. 60 во Скопје.

Подетални информации во врска со овој конкурс, кандидатите можат да добијат на Универзитет Американ колеџ Скопје, адреса Бул. Трета Македонска бригада бр.60, на телефон + 389 (0) 2 2463 156, или на веб страницата на Универзитетот www.uacs.edu.mk.

**Ректорска управа**
**Универзитет Американ колеџ Скопје**